

Бр. 0401-159/12
29.07. 2026 год.

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

**"ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - СВЕТИ НИКОЛЕ**

ул."Цветан Димов" бб Тел. 032 443 158

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) Директорот на ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе донесе:

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидат по јавен оглас бр.386/2026 за вработување на административен службеник**

1. За извршител на работно место - ОБН 01 02 Г01 008 Благајник - Самостоен референт за благајна, Одделение за финансии и сметководство (1) извршител, се избира кандидатот со идентификасциски код 93102АЕ - Драгана Атанасова.
2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла во Агенција за администрација,
3. Именуваната ќе биде вработена на неопределено време и распоредена на работното место од точка 1 на оваа одлука по конечноста на одлуката, за што ќе се донесе посебно решение за вработување на административниот службеник.
4. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

На ден 13.06.2026 година, на интернет-страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат“, „Коха“ и „Вечер“ е објавен јавен оглас бр.386/2026 за пополнување на работното место Благајник-Самостоен референт за благајна (1) извршител.

Со решение бр.10-1223/8 од 16.06.2026 година е формирана Комисија за селекција на кандидати за вработување по јавен оглас.

Согласно Законот за административни службеници и Уредбата за спроведување на постапка за вработување на административни службеници е спроведена постапката за вработување, при што се изготвени:

-записник бр.10-1223/9 од 01.07.2026 година за извршена административна селекција;

-записник бр.10-1223/12 од 15.07.2026 година од спроведениот испит за административен службеник;

-записник бр.10-1223/13 од 20.07.2026 година од спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју;

По спроведената постапка, Комисијата за селекција изготви конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати бр.10-1223/14 од 21.07.2026 година со најголем број освоени бодови за работното место по Јавен оглас бр.386/2026.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници, Директорот на ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе, по разгледување на конечната ранг-листа и Предлогот за вработување, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката на интернет страницата и огласна табла на Агенцијата за администрација.

ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе
Директор
---------------------
Сузана Дерменџиева

Доставено до:
-Избраниот кандидат
-Архива
-Агенција за администрација